**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Договорниот орган: Министерството за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: "Даме Груев", бр. 14 - Скопје, лица за контакт: Георги Стојков, тел. (02) 3222-913, електронска адреса: gjorgi.stojkov@finance.gov.mk, или Александар Ринцов, тел. 3106-478, електронска адреса: aleksandar.rindzov@finance.gov.mk , има потреба од набавка на компјутерски потрошен материјал.

За таа цел, договорниот орган: Министерството за финансии спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка во согласност со член 64, став 1 и член 65, став 1 и 4, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија", бр. 136/2007 и бр.130/2008).

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни достават понуда за горенаведениот предмет за јавна набавка најдоцна до **12.4.2010 година, до 12,00 часот,** по пошта или лично со поднесување во писарницата на Министерството за финансии.

Кон оваа покана е приложена тендерска документација која ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата. Молиме, при изготвувањето на понудата економските оператори да ги користат оригиналните обрасци кои се составен дел на тендерската документација.

Тендерската документација е достапна во електронска форма на веб страната: https://e-nabavki.gov.mk и секој заинтересиран економски оператор може да ја преземе бесплатно.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на горенаведените електронски адреси.

Сите одговори на поставени прашања или појаснувања договорниот орган ќе ги достави до економските оператори кои презеле тендерска документација, без да се идентификува економскиот оператор што поставил прашање или побарал појаснување. Исто така, и евентуалните измени на тендерската документација договорниот орган ќе ги достави до економските оператори кои презеле тендерска документација, а измените ќе бидат објавени и на веб страната https://e-nabavki.gov.mk.

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на **12.4.2010 година** во **12,00** часот, во просториите на Министерството за финансии, ул. „Даме Груев" - 14, Скопје, III кат, во салата за состаноци.

Заедно со понудата, задолжително се доставува банкарска гаранција на понуда во износ од 3% од вкупната вредност на понудата.

**Од Комисијата за јавни набавки**

**Скопје, 22.02.2010 година**